**Упатство за полагање приемен испит по пијано, хармоника, флејта, обоа, кларинет, саксофон, фагот, труба, хорна, тромбон, туба, удирачки инструменти, виолина, виола, виолончело, контрабас, гитара, соло пеење и пијано на студиската програма за МТП**

1. **Приемниот испит по наведените инструменти, соло пеење и пијано на студиската програма за МТП ќе се одвива електронски преку аудио-видео записи на делата од испитната програма организирани во плејлиста на платформата YouTube.**

2. **БАРАЊА ЗА ПЛЕЈЛИСТАТА НА ИСПИТНАТА ПРОГРАМА:**
   - Аудио-видео записите на делата од испитната програма треба да бидат објавени на платформата Youtube во сопствен канал (препорачано "unlisted") и да бидат подредени во плејлиста (playlist).
   - Сопствениот канал треба да го содржи целосното име и презиме на кандидатот.
   - **Плејлистата треба да биде во формат „ ФМУ Приемен испит на кандидатот <u>ИМЕ И ПРЕЗИМЕ</u> на студиската програма <u>НАЗИВ НА СТУДИСКА ПРОГРАМА"</u>**
   - Секое дело од плејлистата треба да ги содржи информациите за изведуваните дела (автор, наслов на делото, став и сл.).
   - Делата од испитната програма може да бидат снимени на различни датуми и во различен простор, да бидат од учебната 2019/2020 година, но не постари снимки.
   - Аудио-видео запис од јавен настап (концерт, натпревар и сл.) е прифатлив.
   - За сите инструменти и соло пеење, корепетицијата не е задолжителна.
   - Аудио-видео записот може да биде направен со која било опрема што кандидатот ја поседува (видео камера, телефон, компјутер ...).
   - Аудио-видео записот треба да биде **НЕЕДИТИРАН** и секое дело треба да биде снимено во целост со едно снимање. Секој став од соната, концерт или свита може да претставува засебна снимка за која важат истите барања.
   - При снимањето на композициите што треба да се изведуваат напамет, камерата треба да биде оддалечена најмалку за 2м, а кај пијано во записот треба да биде видлив пултот без нотен материјал.

   ВАЖНО: Доколку не се почитуваат овие барања, кандидатите ќе бидат дисквалификувани.

3. Линкот од записот (или од плејлистата) треба да се достави во посебен документ насловен „Програма за приемен испит" заедно со пријавата во формат:

   - **Име __________ Презиме ________________**<br>**Инструмент: _______________**<br>**Програма:**<br>http://............